СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Шестото продолжение на Шеесет и третата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 19 јули 1993 година

Скопје, јули 1993 година

**ШЕЕСЕТ И ТРЕТА (63) СЕДНИЦА, VI  ПРОДОЛЖЕНИЕ 19.VII.1993 Г.**

| | |
|---|---|
| 1. АЛИТИ АБДУРАХМАН | 6 |
| 2. АБДИ ФАИК | 14, 50, 53, 54 |
| 3. АНДОНОВСКИ ГОЦЕ | 23, 33 |
| 4. АЛИУ ХАМИД | 26, 63 |
| 5. АЛИУ ЕШТРЕФ | 59 |
| 6. ГОЛУБОВСКИ ВЛАДИМИР | 20, 56, 57, 58 |
| 7. ЗИБЕРИ НАСЕР | 18 |
| 8.  ИВАНОВ ИВАН | 33, 35 |
| 9. КОВАЧЕВСКИ КИРИЛ | 60, 63 |
| 10. ЛАЗАРЕВСКА БИЉАНА | 37 |
| 11. МУРАТИ ЏЕЛАДИН | 1, 61, 64 |
| 12. МУРТЕЗАНИ АВДИ | 2 |
| 13. МИТЕВСКИ ВЛАДИМИР | 24 |
| 14. ПОПОВСКИ ЉУПЧО | 13 |
| 15. РАМАДАНИ ИСМЕТ | 3, 4, 15, 55 |
| 16. РАХИМИ ШУКРИ | 44 |
| 17. СТЕФКОВСКИ ТОМИСЛАВ | 5, 16, 22 |
| 18. СТОЈКОВ СТОИЛЕ | 7, 48, 49, 51, 52, 53 |
| 19. СПИРОВСКИ ИГОР | 9, 11 |
| 20. СУЛЕЈМАНИ ОЛОМАН | 13 |
| 21.  СТОЈАНОВСКИ ТОМИСЛАВ | 21, 42, 43, 45, 60 |
| 22. СТОЈАНОВСКИ НИКОЛА | 39 |
| 23. СТ0ЈАНОВСКИ НАЌЕ | 44, 46 |
| 24. ТОФОВСКИ ЈОВАН | 2, 32, 35, 36, 38, 39 |
| 25. ТАИРИ ЏЕЛИЛ | 3, 58 |
| 26. ТРПЧЕВСКИ ДУШАН | 27 |
| 27. ХАЛИЛИ МУХАМЕД | 17, 20, 21 |
| 28. ХАРУНИ СЕЈФЕДИН | 50, 64, 65 |
| 29. ЏАФЕРОВСКИ АЛИЛ | 12, 66 |
| 30. ЏЕМАИЛИ ВЕБИ | 58, 62 |

СЕДНИЦАТА ПРОДОЛЖУВА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

## од Шестото продолжение на 63-та седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 19 јули 1993 година

Седницата се одржа во просториите на Собранието на Република Македонија,(сала број 1), со почеток во 11,10 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше Џеладин Мурати, потпретседател на Собранието на Република Македонија.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Да продолжиме со работа.

Пратениците Ристо Стаменов, Јордан Бошков, Шабан Превала, Димитар Поповски, Доста Димовска, Димитар Димитровски, Благоја Чкатовски, Симон Наумовски, Флоре Масалковски,Петар Трајановски, Душан Николовски, Благој Ханџиски и Наум Симјановски ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

Продолжуваме со работа по Законот за здравство.

Во меѓувреме пратеникот Гоце Андоновски и пратеникот Владимир Митевски поднесоа амандман за внесување на нов член 13-а по кој Владата не се произнесе.

Отворам претрес по амандманот за внесување нов член 13-а

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор Јован Тофовски министер за здравство.

**ЈОВАН ТОФОВСКИ:**

Почитувани пратеници, од исти причини како што не беше прифатен и претходниот амандман за дополнителната пракса, односно дека ситуацијата уште не е зрела за таква работа, Владата разгледувајќи го амандманот на седницата што се одржа во четвртокот реши да не го прифати овој амандман.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Дали некој друг бара збор?

Господинот Авди Муртезани има процедурална забелешка.

**АВДИ МУРТЕЗАНИ:**

Почиутвано Претседателство, дами и господа пратеници, минатата седница, односно оваа седница ја прекина претседателот на Собранието на Република Македонија во точката за интерпелација за министерот за образование господинот Бајалџиев. Нашата пратеничка група стана незадоволна и ние и понатаму бараме појаснување од надлежните тела на Собранието како и од секретарот на Собранието така и од надлежната комисија да ни се даде објаснение, дали според Деловникот и сите други прописи имаме право да се задржиме на таа точка бидејќи штом предлагачот се упушти во расправата сметам дека точката може да се повлече од дневниот ред само со претходна дозвола од другата страна. Според тоа, јас сметам дека не треба да се упуштиме односно да расправаме за оваа точка, односно за Предлог-законот за здравство се додека не се расчисти ова прашање.

I/3

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Ние почнавме со работа по дневниот ред каде што престанавме минатата седница согласно Деловникот на Собранието нема расправа по точка која е повлечена од самите подносители. Согласно Деловникот може да се повлече точката кога тие сметаат за сходно. Па според тоа, расправата по однос на интерпелацијата за министерот Димитар Бајалџиев е завршена.

**ЏЕЛИЛ ТАИРИ:**

Почитувани пратеници, сметам дека образложението што беше дадено не дава јасна слика околу тоа што во претходната седница, односно пред некој ден овде што се случи. Сметам дека ние како заклучок кој што дента произлезе од таа дискусија беше надлежната собраниска Комисија да работи на таа проблематика и за денешната седница да ни се дадеше конкретно околу применувањето на Деловникот на ова Собрание. Затоа не е можно со вакво образложение ние да продолжиме со дневниот ред.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Само можам да потенцирам дека толкување на Деловникот за работа на Собранието дава Претседателството на Собранието.

Има збор Исмет Рамадани.

**ИСМЕТ РАМАДАНИ:**

Ние завршивме со оваа точка и кога ја завршивме седницата мислам дека остана стручната служба и надлежната комисија да се изјасни за ова дали е деловнички,или не е деловнички. Затоа јас мислам дека треба ние да си дадеме пауза, односно јас барам пауза во име на пратеничката група, па да се собере Комисијата за деловнички прашања и да ни даде стручно објаснување дали требаше да се прекине седницата, односно после три. дискусии да се повлече интерпелацијата. Затоа во име на пратеничката група барам 30 минути пауза.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Колку што се сеќавам бидејќи бев присутен тука немаше заклучок како што се предлага сега да се произнесе Стручната служба, или соодветната комисија. Се ова што е процедурално е надвор од дневниот ред. Бидејќи се бара пауза, предлагам пауза од 30 минути.

(Пауза)

Седницата продолжи во 13,00 часот.

(По паузата).

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Да продолжиме со работа. Имаме кворум за работа. Присутни се 74 пратеници.

Бидејќи од пратеничката група на ПДП се бараше пауза, молам претставник од нив да образложи.

**ИСМЕТ РАМАДАНИ:**

Почитувани пратеници, Пратеничката група на ПДП-НДП револтирана и незадоволна за начинот на водењето на седницата за последната точка интерпелација за работата на министерот Димитар Бајалџиев уште еднаш расправаше и се консултираше и смета дека има злоупотреба на правото, не е задоволна од објаснувањата уште тогаш од претседателот на Собранието и смета дека ги прекршил одредбите на Деловникот. Вакви манипулации од петмината потпишани на интерпелацијата дури не се предвидени ни со Деловникот. Па затоа сметаме дека треба да се изјасни Собранието да во текот на траењето на оваа седница да се состане Комисијата за деловнички прашања и додека трае точката Предлог на законот за здравство, после завршувањето на оваа точка да поднесе извештај Комисијата и после да

одлучи Собранието да се продолжи, или не со расправата во врска со точката интерпелација за работата на министерот Димитар Бајалџиев.

**ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ:**

Почитувано Претседателство, почитувани пратеници, мислам дека образложението што беше дадено од господинот Рамадани е толку едноставно, би рекол дури наивно, не се повикува воопшто на никаква одредба од Деловникот. Настапувањето на подносителите на интерпелацијата беше согласно Деловникот и настапувањето на претседателот по повлекувањето на интерпелацијата беше во духот на тој деловник. Не може да се измислуваат нови правила на играње кога тие веќе се пропишани со Деловникот за работа на Собранието. Оттука за нас работата по точката последна по однос на интерпелацијата е завршена и тоа е деловничко однесување. Секое друго инсистирање произлегува, односно излегува од рамките на Деловникот и значи некакво манифестирање на едно незадоволство, признавање фактички на една тактика која што ја примени ВМРО-ДПМНЕ и која што беше во духот на Деловникот. Ова нас ни дава за право да тврдиме дека во овој Парламент навистина многу пратеници не постапувале по Деловникот. Ако ВМРО-ДПМНЕ се залагал да постапува по Деловникот тоа некому како што викаат "боли".Па нека ги боли, тоа е нивни проблем. Да бидам многу прецизен. За нас е точката по интерпелацијата завршена и секое понатамошно инсистирање ќе го користам правото по Деловникот да побарам и јас пауза од 7 часа, односно до 17 часот.

I/6

**АБДУРАХМАН АЛИТИ:**

Почитувани пратеници, ставот на пратеничката група дека е прекршен Деловникот базира на стенографските белешки од седницата. Ако се прочита стенограмот ќе видите дека претседателот Андов дословно вели вака: "Ве молам, да ги чуеме овие што ја поднеле интерпелацијата". Не да чуеме што ќе рече претставникот на потписниците, туку "овие што ја поднеле интерпелацијата". Повеќе значи ги има, па сите треба да ги чуеме по реди ги слушнавме, "со нив да завршиме, па после може и да прекинеме, или да продолжиме итн., да заврши еден дел од постапката". Претседателот пред постапката ја дели во два дела. Првиот дел образлагаат потписниците на интерпелацијата што е спротивно на Деловникот. Во Деловникот пишува дека еден од подносителите има право да ја образложи. Па вториот дел ако одиме по Деловникот, претседателот требаше да му даде збор на претставникот на Владата да го соопшти ставот на Владата во врска со интерпелацијата. Тоа не е направено. Втората страна не е слушната Став на Владата во врска со интерпелацијата ние немаме, ние не знаеме што мисли Владата за таа работа, ние не знаеме што се аргументите и контрааргументите на министерот чија одговорност се бара итн. Значи, може да ми се приговара дека овие работи не стојат во Деловникот, но не стои во Деловникот ни ова, ниту ова. не стои во Деловникот, не стои во Деловникот дека прво, ќе ги “слушнеме сите" тие што поднеле интерпелација, па откако тие ќе се испразнат, тогаш можат и да ја повлечат, затоа што целта е постигната. Човекот, или Владата, или министерот или двајца, или тројца колку ги има е дискредитиран колку што сакал тој што потпишал го решението дадено во Деловникот. Инаку,

да ве известам и друго, бидејќи работите вака стојат ќе се нафаќам на секои три дена да ви напишам по една интерпелација и притоа нема да зборувам воопшто за носителот на функцијата, туку ќе зборувам за одделна пратеничка група, нација, националност итн., како што беше направено минатиот пат. Значи, ако дозволиме преседан да се злоупотреби едно право, тогаш ние ќе пливаме во многу опасни води, затоа што еве, ви гарантирам секој трет ден ќе напишам по една интерпелација и притоа ќе се занимавам со други работи, ќе зборувам за сосема поинакви работи.

**СТОИЛЕ СТОЈКОВ:**

Почитувани пратеници, денешнава седница требаше да почне во 10,00 часот. Пратеничката група на ПДП-НДП го искористи своето деловничко право и побара пауза. Деловникот е таков каков што е. Ние друг деловник во ова Собрание немаме, не сме го донеле ние како Собрание, односно како пратеници во ова Собрание, меѓутоа нов сеуште немаме. Господинот Халити како добар правник за кој што 3, 4 пати сум кажал дека го ценам како добар правник, сигурно знае дека без разлика сите прописи кои се на важност треба да се почитуваат. Тоа е деловничката можност. Ако Пратеничката група од ПДП и НДП не е задоволна од работата на претседателот на Собранието користејќи го механизмот кој е во Уставот со најмалку потписи од 5 пратеници може да поднесе интерпелација за секој функционер во оваа Македонска држава, па така и за претседателот на Собранието на Република Македонија. Тоа е единствената шанса да се каже дали работел претседателот по Деловникот, или не работел по Деловникот, дали манипулирал со пратениците во ова Собрание или не манипулирал. Тоа е единствената можност. И ќе ве замолам да продолжиме со работа со точката која е на дневен ред, инаку цел дена вака само ќе се препукуваме исто така, не

почитувајќи го тој Деловник. Затоа, ќе повторам, како пратеничка група потполно имате право 5 потписи ќе соберете, ќе си поднесете интерпелација кога ќе дојде таа интерпелација на ред во ова Собрание се знае процедурата колку време треба да измине, ќе расправаме за претседателот на Собранието дали ја водел, или не ја водел добро таа седница, односно точката што била на дневен ред на таа седница каде што се чувствувате дека на некој начин ви се повредени деловничките права. А сега ќе ве замолам, дојдов јас како пратеник во ова Собрание да работиме за одредена точка која е на дневен ред, а тоа е Предлогот на законот за здравствена заштита.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Почитувани пратеници, јас ве молам пред се иницијаторите, пратеничката група на ПДП да дозволи бидејќи тие побараа пауза да завршиме со овие две точки од оваа седница што останаа Законот за здравство и календарот на годишнините, а после исцрпувањето на дневниот ред, да се состане Претседателството, бидејќи претседателот моментално не е тука, спречен е да присуствува на седницата претседателот на Собранието. По Деловникот има член 85 во кој се вели: ; Претседателството го толкува Деловникот, односно член 87, став 1 точка 1 вели: Претседателството на Собранието ги толкува одредбите на Деловникот на Собранието итн. А во член 105 пишува дека доколку смета поднесувачот на иницијативата дека е прекршен Деловникот, Собранието со гласање одлучува без расправа дали е прекршен, или не е прекршен деловникот. Според тоа, ве молам да продолжиме со двете точки Законот за здравство и Календарот, а после тоа да се состане Претседателството на Собранието, ако сме во состојба и денес претседателот ако се врати, а ако не во текот на утрешниот ден, или задутре и да му дадеме извештај на Собранието, па дури тогаш можеме

во смисла на член 105 и член 87 овде во Собранието да гласаме дали е прекршен, или не е прекршен Деловникот.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Бидејќи имаме различни мислења, погледи и сфаќања по однос на деловничките норми, го молам секретарот на Собранието да даде некои објаснувања во врска со случајот за кој сега расправаме.

**ИГОР СПИРОВСКИ:**

Почитувани пратеници, бидејќи беа кажани некои зборови околу самото водење на седницата во смисла дека претседателот на Собранието требало на одреден субјект во Собранието да му даде збор по излагањето, по образложувањето на интерпелацијата од страна на еден од нејзините подносители, должен сум да кажам дека и во сценариото како што знаете како се прави во подготовката на седницата е постапено строго според Деловникот и е утврдено дека еден, односно повикан е еден од пратениците што ја поднеле интерпелацијата да ја образложи истата. Потоа претседателот на Собранието отвора,односно прашува кој бара збор. Друго е прашањето дали одредени пратеници се јавиле порано, или подоцна, зошто не се јавиле, зошто министерот против кого беше покрената интерпелацијата не се јавил за збор веднаш по излагањето на еден од пратениците кој што ја образложил интерпелацијата. Меѓутоа, и образложувањето на интерпелацијата и образложувањето на писмениот извештај на министерот против кого е поднесена што е деловничко право на министерот во рок од 30 дена писмено да одговори на неа и тоа е негово право ако сака да ја образложи, или не. Во конкретниот случај имате ситуација кога еден од подносителите на интерпелацијата министерот посака тоа да го направи, ја образложи интерпелацијата министерот, во секој случај имаше право

сам да процени во отворањето на претресот да си го образложи своето мислење по таа интерпелација. Деловнички е постапено во согласност со

I/10

одредбите што се однесуваат на интерпелацијата. Меѓутоа, поважно од тоа сега е овој предлог кој што повикува на тоа по членот 105 од Деловникот да се постави приговор за деловничка повреда и Собранието да одлучува без претрес. Јас сум должен да го кажам моето мислење по тој дел и да почнам со оценката, па само накратко ќе образложам дека повикувањето на член 105 откако расправата по одредена точка е завршена, односно откако точката на дневниот ред е симната од дневниот ред поради нејзино повлекување ќе ни отвори односно ќе биде практично и гласањето за тоа ќе биде кршење на Деловникот пар екселанс, затоа што членот 105 е предвиден како можност од процедурална забелешка, или барање реплика во текот на претресот во смисла на тоа како претресот треба да се одвива, дали во водењето на претресот претседателот пропуштил некому да му даде збор, или му го скратил излагањето спротивно на деловничките одредби.

II/1/СП/ОМ

**ИГОР СПИРОВСКИ:** (Продолжение)

Смислата на членот 105 е водењето на претресот. На овој начин преку членот 105 ефектите би биле, по мое мислење, само два или да се гласа, во смисла на тоа дека претседателот на Собранието го прекршил Деловникот за тоа без претрес да се одлучи и да се врати расправата по Интерпелацијата назад. Значи, Собранието да одлучи дека не требало да се прекине расправата, што едноставно не е можно. Претседателот на Собранието објасни дека симнувањето на точката од дневен ред од овластениот предлагач, во случајов под- носителите на Интерпелацијата претставува завршување на било каква активност по Интерпелацијата што е ставена на дневен ред како,можност да се напаѓа и да се поставува прашањето на одговорност,

Второто прашање да се утврди евентуална повреда на Деловникот за да се утврди одговорност на претседателот на Собранието. Членот 105, уште еднаш ќе потсетам, не е предвиден во Деловникот на претседателот а Собранието затоа што го крши Деловникот, туку за она што го реков, за водење на претресот и постапката, а прашањето на одговорноста на претседателот може да се постави во другите облици, пред се со интерпелација за неговата работа во согласност со Уставот, заради тоа што, како што се тврди, го кршел Деловникот, па во таа постапка ќе се утврди дали претседателот го кршел Деловникот или не го кршел и ќе одговара или нема да одговара за тоа.

Меѓутоа, секоја расправа и секој активност на Комисијата за деловнички прашања или Претседателството во поглед на

продолжување на расправата по точката која заврши е груба, според мое мислење, Деловникот кота може во иднина да предизвика несогледливи

II/2.-

правно технички последици. По тој основ може секој пратеник да ја врати дискусијата што завршила пред два, пред пет, пред две години и да приговара дека таа не е завршена, водена е со прекршуваше на деловничките одредби и повторно да се стави на дневен ред нешто што завршило. Конечниот ефект од примената на членот 105 во оваа ситуација е дека Собранието надвор од Деловничките одредби утврдува дневен ред на една седница на која веќе го утврдил дневниот ред. Ние имавме на дневен ред, се повлече Интерпелацијата, нема на дневен ред. Секоја одлука сега во насока да се продолжи со расправа е повторно враќање на дневен ред за што во крајна линија нема ни предлагач.

**АЛИЛ ЏАФЕРОВСКИ:**

Расправаме околу кршењето на Деловникот. Еклатантен пример на кршење на Деловникот беше толкувањето на секретарот на Собранието. Во Деловникот ниту во било каков акт на ова Собрание не пишува дека секретарот може да го толкува Деловникот и да држи политичко предавање на говорницата на Собранието.

Ве молам да се придржуваме на Деловникот. Ако е прекршен Деловникот, ова Собрание, доколку има спор е тоа кое ќе одлучи дали има прекршување на Деловникот или нема, а не овде да ни се држи предавање.

**ЏЕЛАДИН МУРАТ**

Секретарот само укажуваше на деловничките норми и односи кои треба да ги почитуваме односно кој не ги познава доволно.

Има збор господинот Сулејмани.

II/3.-

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Почитувани колеги пратеници. Не излегов на говорницава да држам предавања во врска со Деловникот, бидејќи имаме стручни правници, меѓутоа, сакале или не правниците да признаат Деловникот е прекршен. Секој има свое мерило, а се знае метарот е средство за мерење, па некој може да се служи со мили метри, некој со сантиметри, а некој се дециметри. Крајно, метарот си е метар и служи за мерење. Исто така и Деловникот. Меѓутоа, излегов да кажам дека господинот претседател на Собранието Стојан Андов, цврсто сум убеден дека во блиска соработка со потписниците на Интерпелацијата, со еден итар договор пушти да се манипулира со јавноста на Република Македонија. Затоа сум должен пред македонската јавност, пред се пред граѓаните на Македонија, нам ни е должност како пратеници да не манипулираме, пред се, тука сме за тој народ, за тие граѓани, да видат што се работи овде.

Просто дозволивме од оваа говорница да се пласираат невистини за одредени луѓе во Македонија. Не дозволивме конрааргументи. Значи, вистината е тоа и не можеме да побегнеме кога да е еден ден мораме да ги отвориме картите кој како имал право во оваа Република.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Ова не беше процедурална забелешка, туку беше дискусија односно расправа по точка која не е евидентирана во дневниот ред

Има збор господинот Поповски.

**ЉУПЧО ПОПОВСКИ:**

Почитувани пратеници, ми се чини дека како тече дискусијата и расправата во врска со ова прашање може да не одведе во некои несакани насоки. Оттаму мислам дека не е добро ниту коректно во

II/4.-

отсуство на претседателот на Собранието да отвораме расправа за едно прашање кое на некој начин е најнепосредно и директно врзано и со него од- носно бидејќи тоа е поврзано со начинот на водењето на седницата од минатиот пат.

Оттаму предлагам да се прекине расправата во врска со ова прашање и во таа смисла го поддржувам предлогот на господинот Тито Петковски да завршиме по ова прашање, а мислам дека постојат процедурални и деловнички права на одредени пратенички групи да го покренуваат прашањето и да бараат толкување за овој деловнички спор.

Инсистирам Собранието да се согласи со овој предлог во врска со ова прашање да ја прекинеме расправата денеска и да продолжиме по другите точки од дневниот ред.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Пред да му дадам збор на господинот Абди, имаме повеќе предлози меѓу кои и предлогот на последниот дискутант Претседателството на Собранието да расправа по ова да го интерпретира Деловникот и да поднесе Извештај на една од наредните седници.

Ако се согласуваме со ова, тогаш ќе продолжиме со другите точки од дневниот ред.

Дали треба да го ставам на гласање овој предлог?

Ве молам за збор се јави господинот Абди.

**ФАИК АБДИ:**

Јас во овој момент немам никаква замерка на ниту еден пратеник поготово на претседателот на Собранието господинот Стојан Андов.

II/5.-

Се она што запаметив од минатата седница тоа одмина како ветер, меѓутоа, самиот си поставувам прашање и на вас драги колеги пратеници и на вас новинари што седите таму горе, што ќе се случи ако некој од нас пратениците ќе стане овде и ќе поднесе во име на икс пратеници интерпелација и каже што сака да каже, ќе обрука, ќе исплука и на крај ќе рече ја повлекувам интерпелацијата. Дали секој може тоа да го стори? Ако е така, тогаш каков е тој Деловник, јас ич не сум правник,. па не се разбирам од право, но такво толкување ѓавол да го носи.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Процедурално бара господинот Исмет Рамадани.

**ИСМЕТ РАМАДАНИ:**

Ве молам, јас кога го образложив ставот на Пратеничката група можеби тоа за некого беше наивно, меѓутоа, јас сакав да бидам коректен кон ова Собрание и кон седницата која треба да продолжи. Не кажав тука како се поставени границите во 1923 година на Кралска Југославија, меѓутоа, кажав една работа каде беа сомневањата. Интерпелацијата се поднесува од потписниците значи само едната страна. Мене и на сите нас можеби ни е јасно и ни беше јасно дека во текот на расправата потписниците можат да ја повлечат интерпелацијата. Меѓутоа, да ли е расправа ако во дебатата учествува само едната страна односно само поднесувачите. За мене тоа веќе не е расправа.

Затоа мојот предлог односно на Пратеничката група и на господинот Петковски и потпретседателот на Собранието господинот Мурати тоа што рече да даде толкување Претседателството со тоа што да се состане и Комисијата за деловнички прашања

II/6.-

Значи, да се состане и Комисијата за деловнички прашања и Претседателството и да даде толкуваше за оваа работа. Тоа е нашиот предлог и треба да се усвои.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Имаме повеќе предлози, јас успеав да ги запишам сите, но еве господинот Стефковски бара повторно збор.

**ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ:**

Јас навистина се јавувам втор пат, меѓутоа, ако погледнете во салата ги нема пратениците на Либералната партија и водете сметка затоа што и ние ќе излеземе, не поддржувањето на Деловникот ни го дава тоа право.

ВМРО-ДПМНЕ како демократска партија го искористи своето право по Деловникот и да не објаснуваме, некој вели го знае правото повеќе, некој помалку. Тој што не го знае правото или помалку треба да слуша од тие што го знаат не се отвори расправа во овој Парламент по интерпелацијата. Правете разлика. Кога ние ја поднесовме интерпелацијата логично е и Деловникот реков 30 дена има право на одговор на мислење од Владата. Ние фактички сакавме, со тоа тие ни помогнаа да им кажеме како треба да се почитува Деловникот за работа на Собранието. Не дадоа одговор на Интерпелацијата ние ја образлагаме, правете разлика, образлагањето од подносителите на

интерпелацијата не значи расправа. Ние немавме расправа, едноставно го образложивме она што го дадовме и ја повлековме Интерпелацијата. Се е во духот на Деловникот. Нема никаква повреда од страна на претседателот на Собранието. Ако сметате дека има повреда од страна на претседателот, бидете мажи соберете 5 потписи, дајте ќе расправаме,

II/7.-

Тоа е патот по кој треба да работи овој Парламент. Доколку се инсистира и понатаму на без плодна расправа, пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ ќе излезе од салата, ќе биде тука се додека не се смират духовите.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Јас сметам дека треба да ја завршиме расправата по оваа точка и да поминеме на точката што е предвидена во дневниот ред.

Има збор господинот Халили.

**МУХАМЕД ХАЛИЛИ:**

Чудно е тој што има женски карактер, а зборува за машки карактер. (Пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ ја напушта салата).

Меѓутоа, уште почудно е кога неписмените зборуваат за право и толкување на правото. Ние го рековме тоа што го рековме и инсистираме и Комисијата за деловнички прашања да даде мислења за тоа.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Нашиот предлог беше Претседателството да се состане по завршувањето на седницата да го толкува и да даде соопштение.

Дали со ова се согласува Собранието?

Молам, дали предлагачот се согласува со овој предлог на заклучок?

**МУХАМЕД ХАЛИЛИ:**

Господинот Рамадани рече на заклучокот да се додаде и Комисијата за деловнички прашања.

II/8.-

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Комисијата за деловнички прашања нема надлежности за интерпретација и толкување на Деловникот.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Апсолутно не се согласувам со изнесеното дека Комисијата за деловнички прашања нема право да се произнесе по ова прашаше. Во членот 251 точно е регулирано ова прашање и вели "Комисијата за следење на спроведувањето на Деловникот на Собранието и деловниците на соборите ја следи и проучува примената на одредбите на Деловникот на Собранието".

Втора алинеја:

"Остварувањето на правата и должностите на делегатите...." тоа што ние се повикуваме на повреда на правата итн., но да не полимизирам околу ова прашање. Сакале или не, одлучувало или не ова Собрание согласно одредбите на овој Деловник ексофицио, значи службено и Претседателството на Собранието и Комисијата за деловнички прашања ќе расправаат по ова прашање. Да не се натегаме повеќе околу овие работи, јас како претседател на Комисијата ќе ја свикам ексофицио односно тоа е мое право како претседател ја свикувам Комисијата за деловнички прашања, а истото нека го направи и Претседателството и ќе изнесеме ставови пред ова Собра- ние околу овие прашања.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Дали се согласивме? Зборот беше во интерпретација, толкување, следење и проучување. Има битна разлика во тоа.

Молам, продолжуваме со работа по точката од дневниот ред Законот за здравство.

II/9.-

Молам, службата да ги повика пратениците кои, додека расправавме, ја напуштија салата.

(Пратениците од Пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ влегуваат во салта).

III/1.-ПЈ/МЛ

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Продолжуваме со работа по точката од дневниот ред.

**МУХАМЕД ХАЛИЛИ:**

Во името на пратеничката група барам пауза од еден час.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Ве молам, да бидеме рационални, инаку, не можеме да одиме со паузи и со одмори да работиме. Сме дојдени и треба да почнеме со работ аи да ги завршиме точките од дневниот ред.

Молам, да продолжиме со работа. Бидејќи имаме кворум за работа, продолжуваме со работа.

**МУХАМЕД ХАЛИЛИ:**

Ми се чини дека бев конкретен, барав пауза.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Молам, господин Голубовски процедурално.

**ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ:**

Сакам да укажам на фактот дека ова што се случува во Парламентот не е инцидент. Многу ќе се излажеме дека и поводот беше тоа што се случи од минатото продолжение. Се работи за тотална криза во македонскиот Парламент. Еве гледате сега какви интервенции се прават со паузи, барања и слично, едноставно, тоа е судбината на понатамошниот ток на работа на Парламентот. Доколку собереме сили и

се преиспитаме за општите интереси и донесеме одлука единствено логично што може да одговара на оваа ситуација, а тоа е да го распуштиме Парламентот и ќе направиме најголема услуга за Република Македонија. Да престанеме со ситни политички тактизирања и изживувања кои што ги прејдоа сите мери на разум, би рекол на нашето

III/2.-

однесување. Ќе ја поздравам одлуката на претседавачот, доколку не прифати повеќе од ниту една пратеничка група никаква пауза, а ризикот нека биде на оние кои што излегуваат од салата за работата понатаму на Парламентот.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Молам, бидејќи кога пратеничка група бара пауза, практика е и досега тоа е почитувано. Јас треба да го почитувам, но сметам дека не е рационално и не е начин на однесување и на работа на Парламентот. Навистина треба да собереме сили и да останеме да работиме. Молам, објавувам пауза од еден час. Бидејќи пратеничка група бара, тоа досега е почитувано и јас треба да го почитувам.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Правото да се бара пауза, не го оспоруваме. Меѓутоа не дозволуваме некој да се игра со нас. Ако некој друг побара пауза, ние не учествуваме понатаму.

(Паузата траеше од 13,40 до 15,20 часот).

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Бидејќи беше побарана пауза од пратеничката група на ПДП/ го молам претставникот од групата да се произнесе по нивното барање.

**МУХАМЕД ХАЛИЛИ:**

Господин претседателе, почитувани пратеници, барањето пауза од страна на пратеничката група на ПДП беше на сите да им докажеме дека постојат деловнички можности да се прави опструкција тука во работата на Парламентот. Меѓутоа, нашата цел не беше ние да правиме

III/3.-

опструкција, да им докажеме на сите тие кои што се служат со такви методи дека истите методи можат да ги употребат и другите. Ние ќе најдеме начин и можности навредите што се наведени во дел од интерпелацијата, на тие навреди да им одговориме. Секако за тоа ќе имаме добра прилика, меѓутоа со цел да Парламентот продолжи со работа и се заврши оваа седница, пратеничката група одлучи да присуствува во понатамошниот текст на седницата, со тоа што предлогот на заклучокот на претседателството, претседателството да донесе одлука за спорните прашања околу интерпелацијата да биде на дневен ред идната седница.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Продолжуваме со работа. Имавме отворен претрес по амандманот за внесување нов член 13-а...

Господинот Стефковски.

**ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ:**

Почитуван потпретседател, почитувани пратеници, излегов само за кратко, мислев дека онаа лекција што ја доби коалицијата дава резултати. Во таа смисла го поздравувам учеството на пратеничката група на ПДП на денешната седница да има нормален тек. Со други зборови научивме нешто. Ако сакаме да го почитуваме Деловникот ќе се однесуваме по Деловникот. Со други зборови доколку некој сака да

расправа за интерпелацијата, нека си поднесе интерпелација за одговорност на министерот Бајалџиев, ПДП не ја исклучува таа можност да ја искористи со СДС, па нека расправаат со денови и ќе има можности и министерот Бојаџиев и тој да се произнесе. Тоа значи, дека сепак, овој Парламент се учи.

III/4.-

**МУХАМЕД ХАЛИЛИ:**

Јас би се гордеел кога би научил нешто од некој паметен човек. Меѓутоа, од некој глуп нема што да учиме. (Реакција на сите пратеници).

**ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ:**

Јас во животот сум бил скромен, меѓутоа, едно правило го знам, речникот, зборот "глуп" се наоѓа во речникот на глупавиот.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Продолжуваме со Законот за здравство. Веќе отворивме претрес по амандманот за внесување нов член 13-а поднесен од пратеникот Гоце Андоновски и пратеникот Владимир Митевски. Претставникот на Владата се произнесе и истиот не беше прифатен. Молам, дали некој друг бара збор?

**ГОЦЕ АНДОНОВСКИ:**

Почитувани пратеници, јас не би сакал дополнително образложение за веќе поднесениот амандман, затоа што и на претходната седница, а исто така и преку радиото доста се аргументира овој амандман, наспроти тоа контра аргументите што требаше овој амандман да го оборат, како такви не беа доволни. Меѓутоа, сепак сакам да изнесам некои мои констатации за да не го задржувам вашето внимание, а тоа се однесува на следното. За мене ваквиот амандман, како и претходно усвоениот амандман од овој Парламент, навистина

претставува чекор напред во демократизацијата и во областа на оваа важна, чувствителна дејност како што е здравството. Меѓутоа, мислам дека со вакви пакет амандмани во услови кога не е донесе закон, кој што радикално би ја променил состојбата во здравството, сметам дека беше најдоброто решение за да се коригира веќе постојниот закон.

III/5.-

После ова што не званично разбрав дека нема да биде усвоен овој амандман, уште еднаш се потврдува тезата дека овој Парламент многу повеќе работи на теснопартиските интереси, отколку што работи на она што е заеднички интерес. Мислам дали денеска или утре, прашањето на дополнителна работа, како што важи за другите сегменти од општествената репродукција, истото ќе треба да важи и за здравствените работници.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Дали некој друг бара збор?

Господин Митевски.

**ВЛАДИМИР МИТЕВСКИ:**

Почитувани пратеници, бидејќи јас имав ист амандман како Гоце Андоновски, мислам дека овој амандман треба да се усвои, заради тоа што е многу јасен. Тоа беше онаа трета можност здравствениот работник, поточно лекарот или стоматологот во своја сопствена приватна ординација четири часа во свое слободно време обавуваат приватна практика. Минатиот пат кажав дека условите ќе ги пропише самото министерство, под кои услови тој лекар ќе може во свое слободно време да се бави во сопствена амбуланта со приватна практика. Кажав дека условите сигурно ќе бидат слични како и отворање на приватна амбуланта. Значи, ќе мора да има сопствен работен простор, значи, по

тие критериуми. Мора да вложи сопствени средства за набавка на технолошка опрема, што е неопходно за обавување на таа професија, па според тоа позицијата е многу јасна. А пациентите со сопствени средства, значи со лични средства ќе ја плаќаат таа услуга, нормално, како што и минатиот пат кажав само ако е квалитетно.

III/6.-

Исто така, тогаш беше поставена една дилема дали ќе бидат обесправени оние лекари кои веќе имаат приватни амбуланти. Јас и тогаш кажав дека нема да бидат обесправени, заради тоа што критериумите ќе бидат слични како при отворање на приватна пракса, а ќе се постави прашање исплатливоста на лекарот што ќе се бави со дополнителна работа, да вложи сопствени средства, да обезбеди работен простор само за четири часа работно време, со кое ќе може да се бави со дополнителна работа. Според тоа, тој ќе биде еден преоден период за поминување во приватна пракса.

Инаку, има уште еден амандман од госпоѓа Биљана Лазаревска кој има слична содржина. За мене првиот став е прифатлив, заради тоа што нуди исти услови како мојот амандман и на Гоце Андоновски, меѓутоа, таа предлага пациентот кој ќе добие услуга од лекар што се бави со дополнителна пракса тие средства да му ги враќа Фондот за 15 дена најмногу. Мислам дека тоа не е баш толку изводливо, заради тоа што ние овде кога го браневме овој амандман кажавме дека на овој начин Фондот ќе биде растеретен. Значи, пациентот со приватни средства ако сака поквалитетна услуга, како квалитетен доктор ќе си плати со сопствени средства. Ако одиме на варијанта тие средства после Фондот му ги враќа прелевање од шупло во празно, нема да има ефект. Според тоа, сметам дека овој амандман, мислам мојот и на господин Гоце Андонов- ски е прифатлив, заради тоа што е многу јасен, а условите за

дополнителна работа ќе ги препише и самото министерство. Меѓутоа, би дошло предвид, после, нормално сега е рано сега кога ќе дојде законот за концесии да зборуваме да на лекари кои веќе работат приватни амбуланти техничка опрема во државни институции. Тогаш навистина би биле рамноправни со лекарите кои би. работеле со дополнителна пракса.

III/7.-

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Дали некој друг бара збор?

Господин Алиу.

**ХАМИТ АЛИУ:**

Господа пратеници, овој амандман не треба да се прифати од проста причина. Ние ги знаеме приликите во здравството, а од другата страна своите квалитети секој што е вработен таму може да ги покаже и да ги прикаже, може да работи приватно или службено.

Од другата страна ние не сме реални, односно не сме исправни пред работничката класа, ако така можеме да го кажеме, пред работниците, бидејќи спрема една чиста логика ако некој може да работи после работно време во иста ординација или друга, тогаш и работниците ќе можат да работат во други фабрики.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој веќе не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање

Кој е за, молам да крене рака. (Пратениците креваат рака)

29 пратеници гласаа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за внесување нов член 13-а поднесен од пратеникот Гоце Андонов и пратеникот Владимир Митевски.

За збор се јави господинот Трпчевски.

III/8.-

**ДУШАН ТРПЧЕВСКИ:**

Бидејќи се сомневам во исправноста на гласањето, барам поединечно гласање. За тоа имам потребен број на гласови.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Добро, го молам секретарот да прозива поединечно.

**ИГОР СПИРОВСКИ:**

| | |
|---|---|
| ФАИК АБДИ | воздржан |
| ГАЗМЕНД АЈДАРАГА | не е тука |
| ЕШТРЕФ АЛИУ | против |
| ХАМИД АЛИУ | против |
| МИТКО АНАСТАСОВСКИ | за |
| СТОЈАН АНДОВ | не е тука |
| ТИМЕ АНДОНОВ | воздржан |
| ГОЦЕ АНДОНОВСКИ | за |
| НИКОЛА АПОСТОЛОСКИ | за |
| ЛАМБЕ АРНАУДОВ | не е тука |
| ДРАГИ АРСОВ | за |
| БРАНКО АРСОВСКИ | за |
| ДУШКО АРСОВСКИ | против |
| ГОРГИ БОЈКОВСКИ | против |
| ЈОРДАН БОШКОВ | не е тука |
| ЉУПЧО ГЕОРГИЕВСКИ | не е тука |

| | |
|---|---|
| АЛЕКСАНДАР ГЕШАТКОВСКИ | воздржан |
| ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ | воздржан |
| ПЕТАР ГОШЕВ | за |
| ДРАГИ ГРОЗДАНОВСКИ | за |
| САНДЕ ДАВЧЕВ | не е тука |
| РАТКА ДИМИТРОВА | за |

III/9.-

| | |
|---|---|
| ДИМИТАР ДИМИТРОВСКИ | не е тука |
| ТОДОР ДИМОВ | не е тука |
| ДОСТА ДИМОВСКА | не е тука |
| БОРКО ГОРЧЕВСКИ | за |
| ДУШКО ГОРГЕСКИ | не е тука |
| ПЕТАР ГОРГИЕВ | против |
| ЗУДИ ЕМИНИ | воздржан |
| ЈОРДАН ЗАФИРОВ | не е тука |
| ГОРАЗ ЗАФИРОВСКИ | за |
| НАСЕР ЗИБЕРИ | против |
| ВАСИЛ ЗИМБАКОВ | воздржан |
| ВАНЧО ЗЛАТАНОВ | воздржан |
| БОРИС ЗМЈЕКОВСКИ | не е тука |
| ИВАН ИВАНОВ | воздржан |
| ЉУБИСАВ ИВАНОВ | не е тука |
| ЈАКИМ ИВАНОВСКИ | не е тука |
| СИМЕОН ИВАНОВСКИ | не е тука |
| ЉУПЧО ЈАКИМОВСКИ | не е тука |
| РИСТО ЈОВАНОВ | не е тука |
| ЦВЕТАН ЈОВЧЕВСКИ | за |
| ТАШКО КИРОВ | за |
| РИСТО ЌЕЛЕШОВ | не е тука |
| ТАШКО КИРОВ | не е тука |

| | |
|---|---|
| ЗОРАН КИТЕВ | за |
| КИРИЛ КОВАЧЕВСКИ | за |
| СТОЈАН КОВАЧЕВСКИ | за |
|ЃОРЃИ КОТЕВСКИ | не е тука |
| ЗОРАН КРСТЕВСКИ | не е тука |
| НИКОЛА КРСТЕВСКИ | за |
| БИЉАНА ЛАЗАРЕВСКА | за |

III/10.-

| | |
|---|---|
| ВЕЦКО ЛИЧОВСКИ | за |
| КОЛЕ ЛУЛОВСКИ | за |
| ЕФТИМ МАНЕВ | за |
| ЈОВАН МАНЧЕВСКИ | за |
| ГУЛИСТАНА МАРКОВСКА | не е тука |
| ФЛОРЕ МАСАЛКОВСКИ | не е тука |
| МАРИН МИЛЕНКОВСКИ | против |
| СТРАШО МИЛКОВСКИ | против |
| ПАНЧО МИНОВ | против |
| ВЛАДИМИР МИТЕВСКИ | за |
| ТРАЈАН МИЦЕВСКИ | не е тука |
| ВАНЧО МЛАДЕНОВ | воздржан |
| ЏЕЛАДИН МУРАТИ | воздржан |
| АВДИ МУРТЕЗАНИ | воздржан |
| НАИФ МУСТАФА | против |
| ПАНЧЕ НАСЕВ | не е тука |
| СЛАВЕ НАУМОВСКИ | за |
| СИМОН НАУМОВСКИ | не е тука |
| БОГДАН НЕДЕЛКОВСКИ | не е тука |
| ЈОВАН НИКОЛОВ | воздржан |
| ДУШАН НИКОЛОВСКИ | не е тука |
| МИХАИЛ ПАНОВСКИ | не е тука |
| ТОДОСИЈА ПАУНОВ | против |

| | |
|---|---|
| ТИТО ПЕТКОВСКИ | воздржан |
| ТОДОР ПЕТРОВ | воздржан |
| ТОМИСЛАВ ПЕЦАКОВ | не е тука |
| МЕРСИМ ПОЛОЖАНИ | против |
| ДИМИТАР ПОПОВСКИ | не е тука |
| КИРО ПОПОВСКИ | воздржан |



| | |
|---|---|
| ЉУБОМИР ПОПОВСКИ | воздржан |
| НИКОЛА ПОПОВСКИ | не е тука |
| ШАБАН ПРЕВАЛА | не е тука |
| БОЖО РАЈЧЕВСКИ | не е тука |
| ИСМЕТ РАМАДАНИ | не е тука |
| ИВАН РАМБАБОВ | за |
| ШУКРИ РАХИМИ | против |
| ФЕРИД САДИКУ | не е тука |
| НЕИМ СЕЛМАНИ | не е тука |
| НАУМ СИМЈАНОВСКИ | не е тука |
| АЦО СПИРОВСКИ | не е тука |
| РИСТО СТАМЕНОВ | не е тука |
| РИСТО СТАНКОВСКИ | не е тука |
| ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ | за |
| СЛАВЈАНКА СТОЈАНОВА | не е тука |
| НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ | воздржан |
| НИКОЛА СТОЈАНОВСКИ | не е тука |
| ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ | за |
| СТОИЛЕ СТОЈКОВ | за |
| ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ | не е тука |
| ЏЕЛИЛ ТАИРИ | воздржан |
| ГОЦЕ ТЕМЕЛКОВСКИ | за |
| ПЕТАР ТЕМЕЛКОВСКИ | не е тука |

| | |
|---|---|
| БЛАГОЈ ТОШЕВ | за |
| ПЕТРЕ ТРАЈАНОСКИ | не е тука |
| ПЕТРЕ ТРАЈКОСКИ | не е тука |
| ДИМИТАР ТРПЕНОВСКИ | за |
| ДУШАН ТРПЧЕВСКИ | за |
| АГИМ ФАЗЛИУ | воздржан |
| АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ | за |

III/12.-

| | |
|---|---|
| МУХАМЕД ХАЛИЛИ | не е тука |
| АБДУРАХМАН ХАЛИТИ | воздржан |
| БЛАГОЈ ХАНЏИСКИ | не е тука |
| СЕЈФЕДИН ХАРУНИ | воздржан |
| СТОЈМИР ЦВЕТКОВСКИ | воздржан |
| НЕЏАТИ ЏАФЕРИ | воздржан |
| АЛИЛ ЏАФЕРОВСКИ | против |
| ВЕБИ ЏЕМАИЛИ | против |
| БЛАГОЈА ЧКАТРОСКИ | не е тука |
| ХИСНИ ШАКИРИ | воздржан |

IV/1 JJ/НД

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Констатирам дека вкупно гласале 69 пратеници од кои 31 за, 15 против и 23 воздржани.

Според тоа констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за внесување нов член 13-а поднесен од пратеникот Гоце Андоновски и Владимир Митевски.

Во меѓувреме пратеникот Иван Иванов, поднесе амандмани на член 11 став 1 алинеја 1, член 11 став 1 за бришеше на алинеја 2, на член 11 за бришење на став 2, на член 12 став 1 алинеја 1 и на член 12 став 1 алинеја 6.

Пратеникот Биљана Лазаревска поднесе амандман за внесување нов член 13-а.

Пратениците Гулистана Марковска, Димитар Трпеновски, Јован Манчевски, поднесоа амандман на член 14 став 2, а пратеникот Славе Наумовски, поднесе амандман за додавање нов член 16 после членот 15 по кој Владата не е произнесена.

Отворам претрес по амандманот на член 11 став 1 алинеја поднесен од пратеникот Иван Иванов.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЈОВАН ТОФОВСКИ:**

Амандманот амблок не можеме да го прифатиме. Впрочем и овој Парламент на минатата сесија од оваа седница го усвои онака како што беше предложен од Владата. Остануваме на тој предлог.

**ГОЦЕ АНДОНОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор?

IV/2

**ЈОВАН АНДОНОВСКИ:**

Јас се слагам со амандманот на господинот Иван Иванов но да даде образложение од каде средства за покривање на потребите за »а системот за здравствената заштита. Кога 6и дал образложение би го прифатил.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Дали некој друг бара збор?

**ИВАН ИВАНОВ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани пратеници, уште во општата расправа по Предлогот за донесување на Законот беше кажано дека потребата од дополнителна помош на фондот, е една нужна потреба, меѓутоа, исто така беше кажано дека дел од понудените решенија во Законот ќе предизвикаат значително влошуваше на состојбата кај поедини категории осигуреници и во тој дел беше конципиран мојот амандман со кој се оди на тоа да се дадат извесни ослободувања од воведувањето на партиципацијата на поедина категорија осигуреници а тука пред се мислам на младите како и на пензионерите. Ова од причина што членовите на семејствата на поедините фамилии во сегашните услови на намален животен стандард посебно и на пензионерите воведувањето на партиципацијата ќе има многу неповолна улога. Од тие причини предложив повеќе односно пет амандмани во кои дадов предлог

владата уште еднаш да размисли во смисла на уважување на ваквите последици што ќе настанат од примената на законот односно со повторното воведување на партиципација. Поконкретно на амандманот број 1 тој се однесува повеќе на делот на смалувањето на процентот на учество во партиципацијата односно наместо 20-30% да биде 10%, а во делот каде треба да се тражат решенијата во сегашните проблеми на здравството мислам дека во дискусијата беше доста кажано, а еден дел во таа дискусија беше и од моја страна кажано дека проблемите во

IV/3

здрвството треба да се решаваат таму каде тие што лежат. Тие лежат токму во делот на гломазноста на здравството како што е поставено и неговата нерационалност. Решенијата што одат на линија на барање на нови средства, а не и квалитативно зафаќање со проблемите, практично значат палијативни методи кои нема да дадат на долгорочен план адекватни резултати. Напротив тие само ќе одат на натамошно влошување на положбата, како што рековме корисниците односно на осигурениците.

Прашањето што беше поставено од колегата Андоновски, одговорот мој е во тоа, тие најдобро го чувствуваат можеби како луѓе кои што непосредно се бават со организирањето на здравствената заштита на граѓаните и со целиот респект на нивното залагање на барање решенија, меѓутоа тражење на решенија на штета на осигуреникот а притоа, не навлегувајќи во суштината на проблемите не преставува ,и решение, напротив уште повеќе ќе ги влоши состојбите. ОД тие причини предлагам овој амандман да биде поддржан.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој) §

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (19 пратеници гласаа за амандманот)

Според тоа констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 11 став 1 алинеја 1 поднесен од пратеникот Иван Иванов.

Отворам претрес по амандманот на член 11 став 1 за бришење на алинеја 2 поднесен од пратеникот Иван Иванов.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

IV/4

**ЈОВАН ТОФОВСКИ:**

Почитувани пратеници, јас кога зборував за првиот амандман се изјаснив дека амблок ги одбиваме овие амандмани затоа што во суштината се губи смислата партиципацијата воопшто, ако овие се бришат.

Во воведното излагање на почетокот кога разговаравме за овој предлог напоменав дека ништо не е изменето од она што досега се применуваше. Нема ништо повеќе како ново оптоварување, а за разлика од тоа на барање на пратеникот д-р Стојанов има и некои олеснувања. Така што 10% за болничкото лекување да остане инаку ќе имаме непотребно преполни капацитети. Инаку смислата на партиципацијата е пред се не толку за повеќе прибирање средства во здравството, туку е за намалување на потрошувачката во лабораториски, рендгенски и други материјали, а исто така и оптоварување на службата. Амандманот не го прифаќаме.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Дали некој друг бара збор?

**ИВАН ИВАНОВ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани колеги пратеници овој амандман се однесува на решението што е понудено во Законот за партиципација на болничко лекување. Со предложениот амандман се предлага да нема"партиципација кога осигуреникот ќе користи болничко лекување.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Дали уште некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

IV/5

Кој е за молам да крене рака? (16 пратеници гласаа за)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 11 став 1 за бришење на алинеја 2 поднесен од пратеникот Иван Иванов.

Отворам претрес по амандманот на член 11 за бришење на став 2, поднесен од пратеникот Иван Иванов.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Министерот се произнесе за сите амандмани и всушност не ги прифаќа Владата овие амандмани.

**ЈОВАН ТОФОВСКИ:**

Истиот став ќе го кажам и за овој амандман. Овие за кои станува збор за 14 години се 100%, за 18 години плаќаат 5% а тоа е што беше и претходно и за другото е истото како што беше досега, за над 19.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Дали уште некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака.

14 пратеници гласаа за. Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 11 за бришење на став 2 поднесен од пратеникот Иван Иванов

Отворам претрес по амандманот на член 12, став 1, алинеја 1, поднесен од пратеникот Иван Иванов.

На Владата го прифаќаме генералниот став дека не ги прифаќа овие амандмани.

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор. Го заклучувам претресот по амандманот.

IV/6

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака.

12 пратеници гласа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 12 став 1 алинеја 1, поднесен од пратеникот Иван Иванов.

Отворам претрес на амандман на член 12 став 1 алинеја 6 поднесен од пратеникот Иван Иванов.

Ставот на Владата го знаеме.

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака.

12 пратеника гласаа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 12 став 1 алинеја 6, поднесен од пратеникот Иван Иванов.

Отворам претрес за внесување на нов член 13-а поднесен пратеникот Билјана Лазаревска

Има збор госпоѓа Лазаревска.

**БИЛЈАНА ЛАЗАРЕВСКА:**

Бидејќи амандманот што го имам поднесено ќе имаше смисла само доколку се прифатеше амандманот поднесен од пратениците Гоце Арнаудовски и Владимир Митевски. Амандманот го повлекувам а понатаму еве моите укажувања ќе ги оставам во Министерството за здравство, при подготвувањето на законот, каде што се надевам дека приватното ќе си најде свое место во изедначувањето со државното во Фондот за здравствено осигурување ќе бидат регулирани овие работи што беа дадени во амандманот.

IV/7

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Немаме амандман немаме расправа.

Отворам претрес по амандманот на член 14 став 2 поднесен од пратениците Гулистана Марковска, Димитар Трпеновски и Јован Манчевски.

Го молам претставникот на Владата да се изјасни.

**ЈОВАН ТОФОВСКИ:**

Со оглед на тоа дека овој амандман претставува едно дополнување, дообјаснување на законот го прифаќаме.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Според тоа амандманот станува составен дел на предлогот на законот.

Отворам претрес по амандманот за додавање нов член 16 после членот 15 поднесен од пратеникот Славе Наумовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе. -

**ЈОВАН ТОФОВСКИ:**

Со оглед на тоа дека со овој амандман по правило се регулираат односите на здруженијата на лекарите во рамките на Македонското лекарско друштво а со оглед на тоа дека постоеле негативни појави го прифаќаме и овој амандман.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Според тоа амандманот станува составен дел на текстот на Предлогот на законот

Продолжуваме со претрес по текстот на предлогот на законот.

Молам, кој бара збор?

Само едно дообјаснување бидејќи сме имале прилика да се прифати дел од амандманот на пратеникот Никола Стојановски во

IV/8

членот 12 во новиот член што се решава точката 3 по зборот "работниците" се додаваат зборовите "и корисниците на инвалидска пензија.

Дали се усогласени ставовите меѓу предлагачот на амандманот и Владата, па бидејќи Владата реши дополнително само еден дел од овој амандман се прифаќа.

**ЈОФАН ТОФОВСКИ:**

Мислам дека сме усогласени за тоа во членот 3 каде што стои "и работниците и инвалидите на трудот". Тоа значи дека работниците кои што се повредени на работа или имаат професионална болест се ослободени од партиципација, па исто така и оние пензионери, како резултат на професионално оштетување и повреда на работа и тие да влезат овде.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Дали предлагачот на амандманот се согласува со овој предлог на Владата.

**НИКОЛА СТОЈАНОВСКИ:**

Да, се согласувам со овој предлог.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Значи нема гласаше по вториот дел од амандманот.

Дали уште некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот, и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака.

58 пратеници гласаа за

Дали има некој против? (1)

Дали некој се воздржува од гласање? (2)

IV/9

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за здравствена заштита. (Аплауз)

Минуваме на **<u>точката 28</u>** - <u>Предлог на одлука за утврдување на календар за одбележување на годишнини на значајни настани и личности за 1993 година.</u>

Предлогот на одлуката и извештаите на Повремената комисија за изготвување на календар на годишнини за одбележување на значајни настани и личности и на Законодавно - правната комисија Ви се доставени односно поделени

Владата на Република Македонија предлага да се одложи разгледувањето на оваа одлука од оваа седница поради заземање на свој став по истата.

Отворам општ претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на одлуката.

Законодавно - правната комисија поднесе амандмани за менување на текстот на уводната реченица на точка I и за менување на точката 2 со кои што се согласил предлагачот на Предлогот на " одлуката и тие се составен дел на текстот на Предлогот на одлуката.,

Пратеникот Џеладин Мурати, поднесе амандман на текстот на Предлогот на одлуката, за внесување на ново одбележување на настанот 85 години од одржувањето на Битолскиот конгрес за современа албанска азбука,на страна 15, по настанот 50 години од формирањето на првата македонско - косовска ударна бригада, со кои не се согласи предлагачот на Предлогот на одлуката.

IV/9

Пратеникот Тодор Петров поднесе амандман за додавање на нова точка која гласи: "120 години од излегувањето од печат на речникот од четири јазика од Горѓи Пулевски", по кој предлагачот не е произнесен.

V/1 НН/СЛ

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:(**продолжение)

Група пратеници на пратеничката група ВМРО-ДПМНЕ поднесоа амандман на точка 1 на страна 5 - Настанот 50 години од формирањето на Комунистичката партија на Македонија и првиот Централен комитет на Комунистичката партија на Македонија; на страница 9 настанот - 50 години од Преспанскиот состанок на ЦК на КПМ; на страница 11 настанот - 70 години од учеството на Македонците во септемврискотo востание и на страница 15 настанот 50 години од Второто заседание на АВНОЈ се бришат по кои предлагачот не се произнесе.

Отворам претрес по амандманот за внесуваше на ново одбележување на настанот-85 години од одржувањето на Битолскиот Конгрес за современата албанска азбука; на страница 15 по настанот - 50 години од формирањето на Првата Македонско - Косовска ударна бригада , поднесен од пратеникот Џеладин Мурати.

Молам, кој бара збор?

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Дами и господа како предлагач на овој материјал ќе почнам од пратеникот Тодор Петров, со кој пред одржување на оваа седница имавме начелно договорено ако неговиот амандман не се вклопува во критериумите по кои е правен овој календар дека тој ќе го повлече СВОЈОТ предлог. Меѓутоа, беше отсутен кога работеше и 4 Комисијата и јас како предлагач до денес немавме согласност, меѓутоа, кажувам дека овој амандман не се вклопува во критериумите за 25 години ќе се опфати и тоа ќе биде во тој годишен календар.

V/2

Мислам ако остане г-динот Петров на зборот што го имавме, веројатно амандманот ќе се повлече.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Не е амандманот на Петров на дневен ред.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Исто е образложението, извинете, јас мислев дека за Петров е полесно причините за објаснување зошто сме застанале на становиште да не го прифатиме, а сега за господин Џеладин е истиот овој однос што и настанот не се опфаќа. За 20 век е пред- видено 10 години, а овде се предлага 85 години. Значи, кога ќе дојде над 90 години ќе се изработи со наредниот календар од 5 години. Истата причина што е и за Петров и затоа реков дека ќе објаснувам од Тодор Петров да би дошол до Џеладин Мурати. Тие се два основа поради кои не се прифатени овие настани, а се предвидени како настани, меѓутоа, по други критериуми.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Дами и господа пратеници, јас ги почитуван критериумите што се внесени во Предлог -одлуката и го поздравувам донесувањето на ваква одлука - Календар за одбележување на значајни годишнини на настани и личности и се залагам навистина да донесеме таков календар,за наредните пет години, во кој ќе биде точно евидентирано кој настан, која личност за што ќе се прославува. Меѓутоа амандманот што е поднесен, се разбира и на Комисијата каде се дискутираше по овој амандман и каде не беше прифатен, јас кажав и други значајни личности и датуми кои треба да бидат опфатени и други значајни личности и датуми кои треба да бидат опфатени со оваа Прелог – одлука за оваа календарска година, меѓу кои спомнав покрај Битолскиот конгрес, го спомнав познатиот Јосиф Багери, 125 години од раѓањето, исто оваа година се прославува, потоа спомнав Дервишима 65 година, потоа истакнавме

V/3

Саид Најдеми 65 години од раѓањето, познат учител од Дебар. Истакнав и други личности кои придонеле за културниот развој на Албанците во Македонија, а сето тоа меѓу кои Абдулаким Дугани, Љутви Руси, Муртеза Пеза, Дем Гајтани, Реџеп Вока од Тетово, семејството Киријази од Битола итн. и сметам дека овој амандман треба да биде прифатен бидејќи во ништо оваа Предлог - одлука не укажува дека Македонија соживува односно заеднички живее покрај Македонците, Албанците и други. Нема ни еден датум историски значаен за културниот, историскиот и националниот развој на Албанците во Македонија. Од тие причини сметам дека треба да биде прифатено одбележувањето на овој значаен историски датум за научната, културната историја на Албанците во Македонија и било каде тие живеат во светот.

**НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ:**

Јас жалам само што излагачот овде само ги нафрли имињата за кој тој смета дека се дел од значајната историја на Албанците во Република Македонија и воопшто Албанците, од историјата и кои треба да се одбележат на СВОЈ начин. Како придонес на оваа територија на Република Македонија за доказ за заедничкиот живот.

Ние на Комисијата амандманот го разгледувавме, поодделно во делот на амандманот за прослава за во Битола оваа година, но исто така утврдивме дека не се вклопува во критериумите кои Комисијата ги утврди за прослава на годишнини за оваа година. Притоа истакнувајќи дека добар дел од личностите и настаните кои беа наведени во амандманот заслужуваат соодветно внимание и треба да влезат согласно критериумите кога ќе дојдат на ред нивните годишнини да влезат во календарите за одбележување на годишнини. Но, дека за оваа година

V/4

согласно критериумите не можат да се вклопат. И самиот предлагач овде напомна дека оваа година се прославува годишнини на тие настани и личности, но не кажа кои годишнини. Претседателот на Комисијата е тука и таму беше едногласно одлучено, на Комисијата и самиот предлагач се согласи со таквиот начин и метод на работа , се согласи и со ова, видно од аргументите кои беа изнесени. Не знам сега од кои причини овде повторно на Собрание се инсистира тој амандман да се внесе вон критериумите за кои не се спорни настаните кои беа утврдени туку според е критериумот дека оваа година таквите годишнини не можат да влезат затоа што се нарушува критериумот што беше предвиден за 20 век да се прославуваат 25 годишнини од настаните.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Господа ние немаме разлики . Ме повика господинот презимења да кажам за работата на Комисијата. Кога предлагачот Џеладин Мурати јасно откако ги увиде критериумите по кои е правен кален- ? дарот за настаните и личностите за оваа година, па јас не можам да го повлечам амандманот се согласив да дојде до Собранието и таму ќе се одлучи. Практично остана и сам несигурен и сметам дека би било фер кога имаме овде математичка работа да не се заморуваме со непотребни работи, овој предлог да не го ставаме на гласање за да не се создаваат непотребни нервози, непотребни; расположенија. Најдобро е бидејќи не се вклопува во критериумите, а за наредните; пет години кока ќе се работи календар овој настан ќе биде одбележан.

V/5

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Ми се чини дека на Комисијата широко се расправаше и јас не го повлеков амандманот, ниту реков дека се откажувам од тоа, туку Комисијата одлучи заради критериумите да не биден прифатен. Така е и во Извештајот на Комисијата. Јас кажав и таму дека ќе останам при мојот амандман и на седница на Собранието да се разгледа.

Комисијата навистина оценуваше, господинот Стојановски го потврди ова мислење, а г-динот Наќе Стојановски рече дека јас ј сум го повлекол амандманот, односно сум се согласил да не биде расправано на седница на Собранието.

Јас инсистирам да се гласа по амандманот.

За збор се јави господинот Мухамед Халили.

Ве молам, реплика бара г-динот Наќе Стојановски.

**СТОЈАНОВСКИ:**

Јас жалам ако бев погрешно разбран. Господинот Џеладин Мурати се согласи со критериумите кои ги утврди Комисијата. Јас не реков дека се# согласи, дека го повлече амандманот. Мислам дека тука има разлика.

Согласноста дека се употребени до крај принципиелно критериумите и за другите обележувања значеше на некој начин признание дека амандманот што се предлага по овој календар, за оваа година не му е местото. Исто така, треба да се нагласи дека Комисијата особено на делот и од надворешните соработници едногласно утврди дека ваквиот настан кога ќе му дојде календарски, по критериумот заслужува и треба да биде одбележан.

V/6

**МУХАМЕД ХАЛИЛИ:**

За мене загрижувачка е една друга појава, затоа што секогаш кога се сочинуваат вакви календари тогаш се заборава и на некои други настани кои биле во Република Македонија. Јас сметам дека не треба да тргнеме од ускогрудноста затоа што овој настан има големо значење и за самата Република Македонија. Мене ме зачудува зошто авторите на календарот не нашле некој друг датум кој ќе се вклопува во критериумите на овој календар, меѓутоа, јас не сакам да ве убедувам вие да гласате или да не гласате, вие имате такво право и да не гласате, а ние имаме право да не гласаме за одлуката, тоа е право на демократијата, меѓутоа, на крај треба некои дилеми да расчистиме. Ако некој навистина се бори за едно "сожителство" треба да ги прифаќа и другите такви какви што се.

**ШУКРИ РАХИМИ:**

Почитувано претседателство, почитувани колеги, изработка на календарот на важните настани е присутно кај секој народ па би требало и кај нас да биде така, меѓутоа, кога е веќе пред Парламентот една таква одлука, треба да се прифати да се изработи еден заеднички календар кој ќе биде званичен за одбележување на позначајни настани. За да може тоа да биде поконкретно сметам дека треба да се ангажираат луѓе од пратениците во таа Комисија која ќе даде свој предлози и ќе може да ги внесуваат тие значајни настани од историјата. Тука има работи, кои можеби едната или другата  страна не ги знаат, не биле заинтересирани да се запознаат и токму од тие причини ги оставиле како неважни настани. Меѓутоа, има доста такви настани кои ако не оваа година, веќе идната година  треба да се означат. Пред нас претстои 15о годишнинана од Востанието на Дервиш цара во тетовско, гостиварско, скопско против

V/7

Османската власт. После,1905 година формирање на албански комитет за спас во Битола, кое е и објавено во гласникот на историскиот институт. Па доаѓа 1908 година, настанот што сега го назначивме за заедничка азбука. Усвојување на заедничка азбука на Конгресот на азбуката во Битола. Сакам да речам дека кај секој народ има значајни настани кои треба да се одбележат и затоа Ви се молам да бидеме пострпливи да ги согледаме работите како што се. Да не тргнуваме од политичка припадност на групите и што ти јас знам, туку од објективни настани кои се и историски потврдени.

**СТОИЛЕ СТОЈКОВ:**

Почитувани пратеници, што се однесува до амандманот поднесен од група пратеници од ПДП...

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Не само еден пратеник.

**СТОИЛЕ СТОЈКОВ:**

Добро, од пратеник од ПДП, мислам дека во оваа македонска, држава начелно ј§.с како пратеник не сум против тоа да се слават значајни личности од македонската историја, кои се припадници на малцинства, или одредени настани, меѓутоа мора да сфатиме и мора да реагираме, пред се како македонци, затоа што ова е македонска држава дека во Република Македонија не можат да се слават настани кои немаат ништо заедничко, или многу малку имаат заедничко со македонскиот народ, без разлика дали се пред 100 години 120, 50 итн.

VI/1/CJ/л ј

**СТОИЛЕ СТОЈКОВ**: (продолжение}

Ние знаеме дека во оваа предлог одлука за утврдување на календар за одбележување на годишнини на значајни настани и личности за 1993 година што се случиле во нашата историја, дека поедини, еве ќе речам од албанското национално малцинство, поедини личности учествуваа во Народноослободителната борба и си најдоа свое соодветно место. Меѓутоа, има една работа што мене ме загрижува дека сегашниве претставници на албанското национално малцинство во РМ или пак како што стои , ова меѓународно го кажувам, како што стои во нашиот устав националности.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Да се користи уставното име, националности.

**СТОИЛЕ СТОЈКОВ:**

Националност. Се откажуваат од тие личности од познатите причини дека еве тие луѓе на некој начин биле издаици на албанскиот народ.

Овде исто така денеска слушнавме дека во Република Македонија треба, вели "меѓу двата народа" односно се спомнуваи тоа дека албнаците во Република Македонија имаат статус на народ. Немаат статус на народ. Имаат меѓународен статус национално малцинство или пак спрема нашиот устав имаат статус на националност. И мислам дека секој што е лојален граѓанин на оваа држава Република Македонија треба да го почитува уставот без разлика дали на некого му се допаѓа или не му се допаѓа и терминот народ да не го употребува повеќе.

Благодарам, инаку, ќе гласам против амандманот. (Реагираа некои пратеници од место).

VI/2.-

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Има збор господин Сефедин Харуни.

**СЕФЕДИН ХАРУНИ:**

Јас сакам накратко да кажам дека во предлог одлука за утврдување на календар за одбележуваше на годишнини на значајни настани и личности за 19 93 година децидно е и речено, заправо. За периодот до крајот на 18 век тука се прецизирани заправо до 50 години, за 19 век до 25 години, до 20 век 10 години и доколку од овие имиња што господин Џеладин Мурати и некои други ги истакнаа тука и се вклопуваат со овие настани јас мислам дека нема проблем и да влезат во овие настани за одбележување.

Меѓутоа, сакам да потсетам и за нешто друго. Ние ништо не добиваме со добрите намери на едната или на другата страна и нафрлување. Тие добри намери колку да се многу големи или вака мали тие не се бодираат, и тука не добиваме никакви поени ние. Ние секогаш побидраме она што се политички резултати. Јас мислам дека во парламентот сме во состојба за резултати, а не за добри намери. И сме спремни и не смееме апсолутно јас сум сигурен,да~дозволиме можеби на некои и тоа им е целта, да направат раздор и да направат она што е нај- малку очекувано. А добрите намери нека ни останат за друга прилика.

Сме спремни за политички резултати. И оваа одлука и оваа намера јас сметам дека би требало да се прифати. Благодарам.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Има збор господин Фаик Абди.

**ФАИК АБДИ:**

Почитувани дами и господо, малку ме провоцира дискусијата, на пратеникот од ВМРО-ДПМНЕ. Мислам дека на овие балкански простории во овие македонски простори сепак владее она чувство кое што е овде искажано. Мислам дека тоа е една страшна болест која што не не носи

VI/3.-

на добро, само не носи на лошо. Јас, да речеме, намерно не сакав воопшто ниту имав намера да предложам еден ден на ромите осми април, тој е меѓународен ден, дали Република Македонија го признава, дали ќе го нареди во овие денови или не итн., важно е дека ромите од Република Македонија и од цел свет го празнуваат овој празник, го одбележуваат, добиваме телеграми од господин Глигоров, од господин Андов, и од други високи функционери македонски, од Обединетите нации, од Европски парламент, од Европски совет итн., и можеме ли ние да се надминеме себе си овде. Кога ќе се надраснеме, да не "рчкаме во некои работи кои само можат да ни донесат штета и ништо добро.

Мислам дека за добро на Македонија треба да мислиме се што кажуваме од оваа говорница, па и секоја запирка што ќе ја напишеме а камо ли збор што го кажуваме овде.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Има збор господин Стоиле Стојков, реплика.

**СТОИЛЕ СТОЈКОВ:**

Видете, јас не сум загрижен дали на некој пратеник ќе му се допадне мојата дискусија или нема да ми се допадне, а најмалку на припадници на национални малцинства иако господинот припаѓа на етничка група, меѓутоа ете македонскиот парламент и јас гласајќи за прв пат во историјата ромите во една држава добија статус на национални малцинства односно како што стои во нашиот устав тие се националности. И тоа мислам дека ромите како припадници на таа националности многу добро знаат што значи, меѓутоа морам да кажам дека во ова Собрание има коалиција. Ако коалицијата за еден ваков амандман кој е поднесен од пратеничката група на ПДП или, од пратеник на ПДП без разлика сигурно сите стојат зад него мислам коалицијата како коалиција претходно требало да направи еден договор, да не се расправаме околу тој амандманот и ако сите од коалицијата стојат зад

VI/4.-

таа коалициона Влада сигурен сум дека ќе гласаат за еден ваков амандман каде што им се дава такви права на албанското национално малцинство односно да ни се сервира овде дека тие се народ во Република Македонија, а со тоа знаете што значи понатаму и така натаму.

Меѓутоа, има една работа што господинот Фаик Абди, сега јас ќе му го спомнам името нема да се срамам или да се плашам да не му го спомнам името, треба во овој парламент исто така да се расправа за

неговото барањето Обединетите нации каде што стои дека бара негде, не кажува каде, имагинарно да се формира ромска држава Романистан.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Тоа не е на дневен ред, господине Стоиле Стојков.

**СТОИЛЕ СТОЈКОВ:**

Не не тоа е точно така затоа што господинот Фаик Абди си зема за право да каже нешто.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Ве молам.

**СТОИЛЕ СТОЈКОВ:**

Меѓутоа во тоа бараше никаде не стои дека тој како личност се заложува, како Фаик Абди за да сите членки на Обединетите нации ја признаат Република Македонија под нејзиното Уставно име. Документот го имам во ташна,го носам цело време и ако сака некој да го види точно така е, преведен на македонски, меѓутоа така гласи господо, Господинот Фаик Абди овде се залага цело време јас се борам за Македонија, не е точно туку се бори за создавање на некаква си имагинарна држава Романистан.

VI/5.-

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Ве молам, сето ова не беше во функција на амандманот кој е на дневен ред, а станува збор за одбележување на историскиот датум 85-години од битолскиот конгрес на Современата албанска азбука. Молам да се придржуваме кон содржината на амандманот.

Има збор господин Фаик Абди.

**ФАИК АБДИ:**

Уважениот господин Стоиле Стојков, иако го има документот внатре во ташанта му предлагам да го прочита 20 пати затоа што не го прочитал убаво. Мислам дека тој не го разбира својот мајчин јазик и мислам дека не е доволно писмен да разбере што внатре пишува Ако е доволно писмен ќе знае дека се зборува за Република Македонија и за права на еден народ кој што е шуткан горе доле низ сите времиња и меридијани, и само Република Македонија е таа што ги устрои меѓунационалнсотите и треба господинот Стоиле Стојков бидејќи по два три пати станува, веќе втор и трет пат треба да му е срам тоа да го спомне, пратеник во ова собрание Овде веќе изгледа дека е националиста. Меѓутоа ни најмалку мене не ми е дојдено до тоа дали ќе ме признае Стоиле Стојков, во големина ако се мериме никога не би се мерел со вас господине Стоиле Стојков, ама во ништо, воопшто, а спремен сум да разговарам на било кои теми, на дуел ако сакате, за било која тема. (реакција не некои пратеници во салата).

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ**

Господинот Стоиле Стојков бара реплика.

**СТОИЛЕ СТОЈКОВ:**

Мене ми е жал што морам да зборувам, за припадник на едно национално малцинство кое што е најлојално во оваа Република Македонија, мора да признаеме дека ромите се најлојални граѓани во Република Македонија, меѓутоа, во однос на нивниот таканаречен,

VI/6.-

само наречен лидер, затоа што имаме две партии, фала му на господа повеќе кај ромите .не владее едноумие туку имаме две партии сега, нема само една ромска партија тоа е добро за демократијата меѓу ромите и сигурен сум дека на следните избори ромите дека ќе се определат за правата партија не за оваа партија која 20 години овој лидер шурувал со овие едноумни власти и продолжува и понатаму . Тоа е фактот, сигурно

ромите се паметни луѓе, лојални граѓани на оваа држава ќе оценат на следните избори за кого ќе гласаат.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Господине Стоиле Стојков, за амандманот, инаку ова е добра прилика за да одите на ТВ емисијата "без наслов но со повод" и да ги расчистите односите со кое навистина овде го оптоваруваме парламентот.

Господинот Фаик Абди бара реплика.

**ФАИК АБДИ:**

Господо пратеници и господо новинари овде има еден документ еве вака овде има точкици, на француски јазик пишува еве на македонски јазик ќе му ги дадам на подарок на господинот Стоиле Стојков, а јас дали сум само наречен лидер или што сум изгледа нема ни очи ни уши ни мозок брате па да види што е што. (Смеа во салата).

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Овде станува збор за амандманот поднесен од пратеникот Џеладин Мурати а не за други. Вака не можеме да продолжиме ние. Навистина вака збор по збор не можеме да одиме. (Реакција на пратениците во салата). Ние на дневен ред имаме амандман за дополнување на Предлог одлуката за одбележување на историски датуми и значајни личности во 199 3 година. Ве молам да се воздржиме од дискусии кои не оддалечуваат од точката на дневниот ред. Навистина ве молам. Има збор господинот Стоиле Стојков.

VI/7.-

Ве молам, господине Стоиле Стојков за амандманот што е на дневен ред.

**СТОИЛЕ СТОЈКОВ:**

Видете, во репликите не се зборува туку реплика се дава затоа што е искажано претходно, тоа е деловнички така, меѓутоа, јас само ќе

спомнам дека ова е испратено до Европскиот совет, а јас зборував за документ што е испратен до Обединетите нации, што значи тоа се две различни работи. Меѓутоа има кај човекот, кај сите луѓе без разлика дали се роми, македонци, албанци, меѓу многуте особини има и две а тоа е незнаењето и глупоста. Незнаењето се лечи со учење, а глупоста без разлика дали некој има факултетски дипломи или не останува глуп и он си останува глуп.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Треба да внимаваме на зборови кои ги употребуваме во овој момент.

Има збор господин Исмет Рамадани, ве молам за амандманот и точката што е на дневен ред.

**ИСМЕТ РАМАДАНИ:**

Токму тоа сакав и јас да укажам, расправаме за амандман по текстот на предлог одлуката за утврдување на календар за одбележување на годишнини на значајни настани и личности за 1993 година. Така и почна расправата, меѓутоа има тука пратеници кои се талентирани за провокации, а во едно многу чесно ги кажуваат тие нивни лоши намери што значи ние дека како пратеничка група, а и како припадници на еден народ треба малку повеќе да ги отвориме очите добро и ни помагате Вие господине Стојков, во овој случај значи голема штета, тоа ќе биде голема штета и за Македонија, Вие тоа што го правите но тоа многу чесно го правите, тоа добро го правите.

VI/8.-

Во врка со амандманот јас би рекол дека во принцип господинот Наќе Стојановски кажа дека тие утврдиле некои критериуми после бројката 1,2,3,4,5 и нула, Значи тие да бидат или 10 годишнини, 20, 30 итн., така што точно е тоа дека тука не се вклопува амандманот на господин Џеладин Мурати, меѓутоа јас сега, а забелешката ми е токму во

тоа што зошто кога се утврдува еден календар од една таква комисија не се земени во предвид сите тие околности, значи сета ситуација во Македонија и се, па да не се оди така круто, да на одбележување на годишнини само со 10,20,30,40 итн.

Јас мислам дека би требало да се утврдат и такви критериуми/ каде што би било најдобро да се опфатат сите тие кои живеат во Македонија за да можат да се одбележуваат такви настани. Јас мислам дека од тоа само би се добило, а ништо не би имало штета за Република Македонија, па дури и предлагам во овој случај да се прифати амандманот на господин Мурати со тоа што во овој случај да се прави само со тоа преседан зошто не се утврдени и критериуми кои би ги земале во предвид и другите годишнини од другите кои живат во Македонија. Тоест немакедонци.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Има збор господин Голубовски. (Од место бара збор пратеникот Томислав Стојановски). Не си спомнат воопшто.

**ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ:**

Сакам да потсетам дека во ниеден документ усвоен од Меѓународни организации или специјализирани меѓународни асоцијации, што значи (Реакција на некои пратеници во салата).

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Ве молам немојте да префрлувате од место.

VI/9.-

**ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ:**

Што значи договори, конвенции или пактови кои што ги регулираат малцинските права, не стои обврска за ниту една држава во која што живеат малцинства да им ги одбележува настаните без оглед дали е од

нивното историско, културно или било кое друго минато. Оттаму тврдам дека во Република Македонија како демократска држава никој па ниту и денес во парламентот не им го оспори правото на граѓаните од албанското малцинство во Република Македонија приватно согласно сите тие норми да одбележуваат датуми и се она што сметаат дека може да биде време за одбележување.

Сметам дека тука денес се внесе забуна со воведување во игра на критериумите. Господо немаше потреба никој да се правда во Република Македонија дека заради критериуми ете оваа година нема да има одбележување. Заради принципите и заради суверенитетот и интегритетот на Република Македонија нема ден оваа година да се одбележува ниту некој пат треба да се одбележуваат датуми на малцинствата кои претендираат на конститутивност од државно творен аспект. Затоа сметам дека е во интерес тоа ќе го прифатат и господата пратеници од пратеничката група ПДП дека нема потреба да ги заоструваме односи околу тоа прашање, впрочем од самата нивна реакција која што ме изненадува со несериозноста која што денес ескалира, тие и самите се свесни дека бараат нешто неоправдано и самите не очекуваат дека може тоа да го добијат. А, оттаму зошто ние тоа да го направиме што може да ги охрабрува во нивните намери кој што морам сега испровоциран од нивното реагирање да кажам дека се е на линија на албанскиот национализам и сепаратизам.

VII/1/јм/см

**ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ:**

Бидејќи инсистирањето на одбележување на датуми на малцинствата, во случајов на албанското малцинство директно има за

цел градеше на елементи за конститутивноста на малцинството во Република Македонија во државно - правен аспект сметам дека дискусијата треба да заврши и да се отфрли таквиот амандман.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Господинот Веби Џемаили има процедурална забелешка.

**ВЕБИ ЏЕМАИЛИ:**

Дами и господа, сакам да кажам само два збора, сака некој да ги прифати, или не сака да ги прифати тоа е нивен проблем. Само да знае претходниот господин дека ние оваа година ќе славиме 150 години на Дервишовото востание во Македонија кога сме биле народ, кога се боревме за оваа Македонија и 80 години од Дебарскот востание 1913 година. Ако не ја знаете оваа историја, да ја научите, а претходно господинот Голубовски треба да ја научи сопствената историја, па да излезе овде и ако сака да направиме една заедничка реплика.

**ЏЕЛИЛ ТАИРИ:**

Почитувани пратеници, јас ќе бидам краток. Познато ми е едно правило каде се вели дека: своето треба да го сакаш, другото, на другите треба да ги почитуваш. Тоа е правило кое што упатува на тоа дека ако некој мене не ме почитува, не ме обврзува ништо, да некого друг го почитувам. И нема сила која што ќе ме тера да го почитувам другиот, ако тој нормално не ме почитува. Она што некој спомна, намерно нема да спомнувам имиња, дека во меѓународните документи дали стои? Јас ви

VII/2

тврдам дека стои и не само во меѓународните документи, -туку стои и во член 48 од Уставот каде што се вели дека и Албанците имаат право на негување и развивање на својот идентитет. Овој амандман што го

предложи потпретседателот Џеладин Мурати е во духот на тоа. А што се однесува до тоа дали можеме ние приватно тоа да го славиме, или не, тогаш ако сме дојдени до таа ситуација, тогаш ние се прашуваме пратениците на Парламентарната група на ПДП- НДП дали сме приватно и овде дојдени. Ако сме приватно дојдени, тогаш не мора и да седиме, значи немаме статус кој што е утврден според Уставот. И затоа сметам дека амандманот што е предложен доста е содржаен и треба да се прифати како таков, бидејќи е во духот на Уставот и во сите меѓународни документи.

**ЕШТРЕФ АЛИУ:**

Почитувано Претседателство, дами и господа пратеници, мислам дека и овој пат како впрочем и досега говорницата се злоупотребува, заправо се става во функција на пуцање на празно. Ценам дека не се работи за оправданоста, или неоправданоста на одбележување на тој важен настан за албанската култура во Република Македонија. Албанците не треба да гајат илузии другите да ги тераат на сила да ја учат историјата на албанците. Тоа би било сосема несфатлива работа. Но, не смее во едно оправдано барање да се искористи во негативна насока говорницата и да им се делат лекции на албанците што се тие, што смеат да слават и што не смеат да слават, или да им се достави до знаење ако нешто од албанска култура нема врска со макеонството, тогаш тоа е забрането. Тие времиња останале назад во историјата, во оваа наречена наша држава Република Македонија.

VII/3

Користам прилика еве јас декларативно да нагласам, на ниеден македонец не му давам за право на оваа држава наречена Македонија

да се осеќа дека поседува повеќе права. Во правата и во слободите ќе се бориме не со национална припадност, туку со конкретни способности. Го молам господинот Џеладин Мурати да го повлече амандманот бидејќи не кореспондира со заземениот начелен став на Комисијата.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Дали случајно, или навистина така е договорено помеѓу предлагачот на амандманот и пратеникот Исмет Рамадани да се постави исто прашање што беше и пред Комисијата. Зошто кога Комисијата работела не земала настани и личности од народности кои живеат во Македонија. Тогаш јасно беше кажано дека Комисијата работеше повеќе месеци, дека Комисијата по писмен пат ги повика сите институции кои се бават со оваа прсоблематика, па на последниот таканаречен договорен состанок помеѓу другите беше и секретарот на Исламската верска заедница кој не приговори за никакви настани и што е најбитно еден од пратениците Абдурахман Алити е член на таа Комисија, работеше во неа и никој не даде предлог сме додека не дојде предлогот на Џеладин Мурати Штом не се ова вклопи сега доаѓа и некој се повикува на некое национално право, на некои права на националности. Господа, сфатете едно, секој може да стане од оваа говорница да каже: Јас сум припадник на тоа национално малцинство. Значи само македонецот нема право да каже што е. И не, заборавајте дека има и поинакво мислење.

**КИРИЛ КОВАЧЕВСКИ:**

Почитувани пратеници, за овој амандман не гласам, а како би гласал кога и во овој амандман меѓу другите личности е вметнат и еден качак, а тоа е албанскиот разбојник, тоа е Дервиш саре. Дервиш Саре

VII/4

во турско време дигнал востание во Полог на кого му се приклучиле и Македонците против Турците. Турската војска била поразена, но откако

била турската војска поразена Дервиш Саре наредил да се пљачкосува македонското население во Полог, да се силуваат девојките и жените. И тогаш Македонците ги напуштиле востаниците на Дервиш Саре Охрабрена турската војска ги поразила тогаш тие разбојници качаци албански.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Јас сакам само да објаснам нешто. Дами и господа пратеници, ако го читал некој амандманот, не се спомнува никакво друго име освен името на градот Битола каде е одржан Конгресот на албанската азбука. Јас ќе ви го прочитам во целост само заради јавноста за да не се добиваат искривени слики и приказни кои поедини пратеници ги изнесуваат пред ова парламентарно Собрание.

"85 години од одржувањето на битолскиот конгрес за современа албанска азбука. Од 14 до 22 ноември 1908 година во градот Битола се одржа конгрес наречен битолски конгрес, односно конгреси манастири каде се донесе и усвои денешната современа азбука на албанскиот јазик. Овој конгрес претставуваше крунисање на тешкиот пат за создавање на албанската азбука. Конгресот на азбуката претставува еден од најзначајните настани во борбата за осамостојување на албанскиот народ од турското ропство и создавање на албански литературен јазик. Одржувањето на конгресот во Битола претставува доказ дека нема изолирана култура и колку автономна да биде таа како што и нема пишување на еден јазик без да има врска со писмата на другите јазици со кои се во непосредна коегзистенција. Со оглед на историското значење на овој настан и културно научната вредност за

албанците кои живеат во Македонија и било каде во светот, предлагам во оваа календарска година да се одбележи со пригодна културна, пригодни културни активности. По повод 60 годишнината од одржувањето на Конгресот во 1968 година Републичкиот одбор за прославување на овој јубилеј во куќата каде што се одржал конгресот е поставена спомен-плоча која и денеска тука постои. Одбележувањето на овој историски и културен настан предлагам да биде на два нивоа. Прво, централно одбележување во Битола со одржување на свечена академија проследена со културна програма на 20 ноември 1993 година. И второ, организирање на стручно научна трибина за употребата на современиот литературен албански јазик во јавната комуникација, средствата за информирање, учебници, училишта и слично на 15 ноември оваа година. Според тоа во амандманот не се спомнува никакво име, никаква личност, никаков настан кој е во спротивност со заедништвото и културата која се развива на албанците во Македонија согласно членот 48 на Уставот и согласно сите придобивки во досегашниот развој итн. Јас навистина констатирам за жал дека сеуште има луѓе оптоварени со идеи кои и инсистираат само да предизвикаат раздор и да предизвикаат проблем и со заедништвото и сожителството на граѓаните во Република Македонија.

Амандманот не го повлекувам.

**ВЕБИ ЏЕМАИЛИ:**

Прво и прво таа беше битката кај Катланово кога беа поразени албанските снаги и сили од турската војска.

Второ, колку сме ние,ако сакаме да градиме заедништво не објективни, ќе го кажам и ова, па ако сакате прифатете, ако не сакате не мора. За убиството на Пјетр Гури кој се обидувал да ја брани Македонија

кај Мечкин Камен 1903 година, во заедничката борба со Никола Карев и со другите не е спомнат никаде во текстот. Ве молам, еве го и документот дека тој бил албанец. Само затоа ви пречи што е албанец.

**КИРИЛ КОВАЧЕВСКИ:**

Се извинувам за лапсус лингве зошто еден пратеник од ПДП го спомна и Дервиш Саре и јас помислив да го доградиле накнадно и за Дервиш Саре. И затоа беше. А тоа што го кажав е точно. Што се однесува за востаникот тој албанец што загинал на Мечкин Камен, загинале со илјадници востаници и ако за секого ние им славиме јубилеи што ќе стане од тоа? Понатаму би се осврнал нешто за потпретседателот Џеладин Мурати кој бара, а тоа е вметнато во амандманот, бара славеше на албанската азбука во Битола. Ако дозволиме и таа албанска азбука да ја прославуваме во Македонија што значи тоа? Створаме две паралелни азбуки, створаме ортаци во Македонија. Таа азбука може да се прославува во Албанија, а во Албанија кога ќе се прославува јас сум спремен да дојдам, и јас ќе дојдам заедно со пратениците да учествуваме на таа прослава.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Дали некој друг бара збор

**ХАМИД АЛИУ:**

Дами и господа, немав намера да дискутирам, меѓутоа, дали некој ќе го прифати амандманот, односно 100 годишнината ние сами ќе го славиме без некој да го прифати од една страна. Меѓутоа, срамота и греота, а жалосно луѓе во години, граѓани во години не знаат дека Македонија е мултинационална, мултикултурна, а плус тоа се јадни пратеници.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Има збор Митко Анастасовски.

**МИТКО АНАСТАСОВСКИ:**

Се повлекувам.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Има збор Сејфедин Харуни.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Господа, немав намера да се јавам по втор пат на оваа говорница заради тоа што и амандманот што господинот потпретседател го повлече.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Не сум го повлекол амандманот. Ве молам, да се провери. Јас кажав, амандманот не го повлекувам. Друго е што слушаат луѓе, друго е што јас кажав.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Предлог - одлука за утврдување на Календар за одбележување на годишнини на значајни настани и личности за 1993 година, ако овој истиот материјал го имате пред себе можам да ви кажам дека во прилог и за изготвување на овој материјал имаат 26 институции и друштва кои беа прканети на тој состанок, 14 институции и друштва кои присуствуваа на тој состанок, 18 институции и друштва на кои Комисијата се обрати да достават свои предлози за Календарот и 10 институции и друштва кои доставија свои предлози.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ**: (ПРОДОЛЖЕНИЕ)

Доколку,конкретниот Предлог',заправо. конкретната Прелог - одлука за УТВР дување на календар за одбележување на годишнини на значајни настани и личности за 19 93 година не стигнат и предлогот на кој можеби и амандманот на господинот Мурати се предлага, тоа не значи дека за истиот не можеме да расправаме.

Јас мислам дека само едно вака мало разбирање треба ова да се пречекори односно сфати како такво и немаме потреба, бидејќи секој од нас овде во Парламентот ако не повеќе барем 50 изрази ќе имаме и тоа изрази и описи за кого можеме да нафрлиме секако како работа да го наведуваме и едната и другата страна, меѓутоа, да се обидува на себеси да е популистички прелив јази- кот кој не контактира со стварноста, туку е искривено огледало во кое се назираат само неколку облици на стварноста. Јас мислам дека за тоа сме свесни сите и со таквиот јазик никому ништо не придонесуваме. Мислам дека имаме такви тенденции. Секогаш се пука на другата страна, без оглед дека за она што го спомна пред мене самиот дискутант за Дервиш Сарај, јас би сакал, кога ќе се

излегува на говорница ако не друго барем да го има пред себе

Востанието на Дервиш Сарај од д-р Александар Марковски, тој е - покоен сега, а книгата е во продавница. Оттука може да се види дали е тој качак, или бил навистина востаник за тоа време и дали Дервиш Сарај треба во современата историја да има свое место. Не сакам паушални изрази да се кажат за било кого да се работи за нешто.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Господинот Џаферовски бара процедурално.

VIII/2.-

**АЛИЛ ЏАФЕРОВСКИ:**

И покрај желбата да имам разбирање за сите оние кои са- каат да се занимаваат со историја, сакам да ве информирам дека пратеничката група на Социјалдемократскиот сојуз има важна работа, бидејќи е 17,00 часот, бараме седницата да прекине.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

На барање на пратеникот ја прекинувам седницата, а продолжението на седницата ќе биде дополнително закажано.

(Седницата прекина со работа во 17,00 часот).